# Одржани работни средби меѓу претставниците на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и колегите од платежниот сектор при црногорското Министерство за земјоделство и рурален развој



Од 08 до 12 јули 2013 во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој се одржаа работни средби со претставници на платежниот сектор при црногорското Министерство за земјоделство и рурален развој во насока на пренесување на македонското искуство за ИПАРД програмата.

Претставниците на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој пред нивните црногорски колеги ги претставија процедурите кои Агенцијата ги користи при имплементација на ИПАРД програмата. Воедно, беше презентирана организациската структура на Агенцијата, надлежностите и функциите на секторите.



Остварените работни средби се очекува да бидат вовед во склучување меморандум за соработка меѓу Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и платежниот сектор при црногорското Министерство за земјоделство и рурален развој.